**Новости од нашите активности – РОМАНСЕ**

**<u>Информатор 3 - 2025 година</u>.**

**Која е целта на проектот Романсе?**

-Главната цел на проектот е да се подигне свеста и разбирањето на локалните заедници (вклучувајќи ги Ромите) во 10-те локалитети на концептот на СП и нивните потенцијални придобивки за жените Ромки, ромските заедници и поширокото општество.

- Во месец ноември 2025 година се одржа работна средба со конзорциумот на проектот, на која беа усогласени следните чекори за унапредување на проектните активности и зајакнување на поддршката за социјалното претприемништво. Посебен акцент беше ставен на улогата на институциите во развојот на социјалното претприемништво и на поврзувањето на проектот со релевантните програмски и јавни политики.

  Во активностите учествуваа претставници од РРЦ – Ромски Ресурсен Центар, Symplexis и Diesis Network.






- Во декември 2025, во Скопје, се одржа четиридневен тренинг за социјално претприемништво, наменет за жени и девојки од ромската заедница во Шуто Оризари. Тренингот беше посветен на можностите што ги нуди проектот РОМАНСЕ во областа на социјалното претприемништво. Учесничките стекнаа знаења и практични вештини за социјално претприемништво, како и информации за тоа како преку проектот можат да започнат сопствен бизнис и да пристапат до нови можности за вработување и економско зајакнување.

  Продолжуваме да работиме заедно – чекор по чекор – кон економско зајакнување, инклузија и еднакви шанси за сите.



Проектот е финансиран од Европската Унија

Овој документ е изработен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на проектниот конзорциум предводен од НВО Ромски ресурсен центар од Скопје и во никој случај не може да се смета како одраз на Европската Унија.

ЕУ со ТЕБЕ

Roma Resource Center
Ромски Ресурсен Центар
Romano Resursno Centro

ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ

symplexis

diesis network

- Во месец декември во Скопје, жени и девојки Ромки од општина Гази Баба учествуваа на четиридневен тренинг за социјално претприемништво. Тренингот, организиран преку проектот РОМАНСЕ, им овозможи да стекнат практични знаења и алатки потребни за развој на сопствен бизнис, како и пристап до можности за вработување и економско зајакнување.

  Заедно, преку соработка и посветеност, ги отвораме вратите кон нови шанси за развој и самостојност.









Проектот е финансиран од Европската Унија

Овој документ е изработен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на проектниот конзорциум предводен од НВО Ромски ресурсен центар од Скопје и во никој случај не може да се смета како одраз на Европската Унија.

ЕУ со ТЕБЕ

- Со заедницата од Ѓорче Петров успешно реализиравме четиридневен тренинг за социјално претприемништво. Во продолжение споделуваме дел од активностите од тренингот со жени и девојки Ромки од оваа општина. Тренингот, реализиран преку проектот РОМАНСЕ, им овозможи на учесничките да стекнат практични алатки и знаења за развој на сопствени бизнис идеи и подобрување на нивната економска положба.

  Преку заедничка соработка и поддршка, заедно отвораме нови можности за напредок.




Проектот е финансиран од Европската Унија

Овој документ е изработен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на проектниот конзорциум предводен од НВО Ромски ресурсен центар од Скопје и во никој случај не може да се смета како одраз на Европската Унија.

ЕУ со ТЕБЕ

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари

Е-маил: inicijativanazeni.sutoorizari@gmail.com

Телефон: 070 385 831

Веб – страница https://romanse.mk/mk/

Социјални мрежи https://www.facebook.com/profile.php?id=61569954877747

Овој документ е изработен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на проектниот конзорциум предводен од НВО Ромски ресурсен центар од Скопје и во никој случај не може да се смета како одраз на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија